**20211742884**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2021 година.

Бр. 08-3604/1
29 јули 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 67/92, 8/2004, 98/2008, 158/11 и 55/16), во насловот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 7 став 1 во точката 2) зборовите: „осум години“ се заменуваат со зборовите: „седум години“.

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Органот кој решава од ставот 1 точка 8 на овој член донесува одлука во рок од шест месеци по поднесувањето на барањето на странецот.“.

Ставот 6 станува став 7.

Во ставот 7 кој станува став 8 зборовите:„ ставот 6“ се заменуваат со зборовите:„ ставот 7“.

Член 3

Во член 8 во ставот 1 по бројот „2“ се става запирка и се додава бројот „6“.

Во ставот 2 зборовите: „освен во матичната земја“ се бришат.

Член 4

Во членот 9 во ставовите 1 и 2 зборовите: „точка 2, 6 и 10“ се заменуваат со зборовите: „точка 2, 3, 6 и 10“.

Член 5

Во членот 15 зборовите: „три години“ се заменуваат со зборовите: „една година“.

Член 6

Во член 25-а во ставот 1 зборовите: „од 25 до 50 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 15 до 30 евра“.

Во ставот 2 зборовите: „од 25 до 50 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 15 до 30 евра“.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон на државјанин на друга република на поранешната СФРЈ и државјанин на поранешна СФРЈ кои до 8 септември 1991 година, односно до времето на прогласување на независноста на Република Македонија живееле на територијата на Република Македонија, се стекнува со државјанство на Република Северна Македонија по сила на овој закон, доколку поднесат барање до надлежен орган и кон барањето приложат најмалку еден од следниве документи во оригинал или копија заверена на нотар издаден од орган или правен субјект во Република Македонија во периодот утврден во овој став и тоа:

1) извод од матичната книга на родени;

2) доказ за завршена учебна година (свидетелство, уверение или диплома);

3) доказ за заснован работен однос со М1/М2 образец;

4) работничка книшка;

5) доказ за платен данок согласно со законските регулативи кои во тој период важеле во Република Македонија, односно доказ за платен:

- данок од личен доход на работниците,
- данок од личен доход од вршење земјоделска дејност,
- данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност,
- данок од надоместок од авторски права, патенти и технички унапредувања,
- данок на приходи од имот и имотни права,
- данок на имот и
- данок на наследство и подарок,

6) одлуката на даночниот обврзник од страна на Управата за јавни приходи;

7) доказ за платена сметка за следниве услуги:

- електрична енергија,
- греење,
- вода,
- телефонски услуги;

8) патна исправа (пасош) издадена од поранешната СФРЈ или Република Македонија;

9) лична карта издадена од поранешната СФРЈ или Република Македонија;

10) лична карта за странци;

11) здравствена книшка;

12) извештај, потврда, отпусно писмо или друг документ со кој се докажува извршено лекување во јавни здравствени установи во Република Македонија;

13) поседовен или имотен лист на име на барателот;

14) штедна книшка за депонирање на заштеди во банка (правно лице) основана од Република Македонија согласно со закон;

15) други докази издадени од надлежни државни органи со кои ќе се потврди постојаното живеалиште на територијата на Република Македонија и

16) сведителствата кои се издадени од 1991 до 1998 година за лицата родени од 1984 година до 1991 година.

Член 8

Постапките за стекнување или престанување на државјанство на Република Македонија започнати согласно со Законот за државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 67/92, 8/2004 98/2008, 158/11 и 55/16), од денот на влегување во сила на овој закон ќе се решават според одредбите од овој закон.

Член 9

Во целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.